Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПРВ 2024, до 15.9.2023 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: Фондација за интернет и општество Метаморфозис

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5922020

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. „Франклин Рузвелт" бр. 19, кат 2 Општина Карпош, 1000 Скопје

Застапник: Бардил Јашари

Веб страница: https://metamorphosis.org.mk/

Електронска пошта (e-mail): info@metamorphosis.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 2 3109 325; 070 327 261

Лице за контакт: Данче Даниловска Бајдевска

## Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2024. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2024, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

## Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Emri i shoqatës/ fondacionit:

NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Proqesverbali:

Faqja e internetit:

Posta elektronike ( e-mail):

Numri i telefonit për kontakt:

Personi për kontakt:

## Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2024

**Наслов на иницијативата:** Креирање на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Креирањето на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите директно придонесува кон **третиот**, **четвртиот**, **петтиот** и **шестиот** стратешки приоритет на Владата за 2024 година, односно „успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија" (III), „унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност" (IV), „ обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството" (V) и „ подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите" (VI), а исто така има поврзаност и со цели од **првиот**, **вториот** и **седмиот** приоритет, односно со „ обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните" (I), „унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување н аерозагадувањето и влијанието на климатските промени" (III) и „ професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники" (VII).

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

Креирањето на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите директно придонесува кон остварување на следните приоритетни цели од стратешките приоритети:

**III. „успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија":**

- преземање и примена на најдобрите практики и стандарди на Европската Унија (усогласување на медиумските закони и усогласување на правните рамки со новата регулатива на ЕУ –

Законот за дигитални услуги, Законот за дигитален пазар);
- квалитетна подготовка на националната верзија на правото на Европската Унија преку унапредување на процедурите, стандардите и методологиите во насока на обезбедување квалитетен и поеднообразен пристап во сите понатамошни фази на креирање на националната верзија на правото на Европската Унија;
- квалитетно управување со подготовката, планирањето, следењето на спроведувањето и известувањето за реформите поврзани со пристапните преговори, со фокус на Патоказот за владеење на првото, Патоказот за реформа на јавната администрација и Патоказот за функционирање на демократски институции, како и Акцискиот план за заштита на правата на припадниците на малцинствата и заедниците со мерки за недискриминација, борба против говор на омраза и образование;
- натамошно унапредување на добрососедските односи и активно учество во регионалните иницијативи со цел постигнување поцврста и поефикасна регионална соработка;
- информирање на јавноста преку организација на јавни настани и други форми на дијалог за напредокот, предизвиците и резултатите од преговорите со Европската Унија,
зголемување на видливоста и комуникацијата на ЕУ/ИПА фондовите, како и за значењето на членството на Република Северна Македонија во Европската Унија;

**IV „унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност“**
- поддршка на меѓународните напори за чување на мирот и безбедноста;
- унапредување на националните одбранбени капацитети и способности, кадровскиот потенцијал, административно-техничките капацитети и финансиските издвојувања на национално ниво согласно стратегиските документи за исполнување на националните обврски од областа на одбраната и обврските кои произлегуваат од членството во НАТО;
- придонес во градењето на отпорност на општеството;

**V. „обезбедување на владеење на правото и независност на правосудството“**

- соработка и воспоставување на заеднички стандарди за сајбер безбедност;
- креирање на системски политики за добро владеење и зголемување на транспарентноста и јакнење на интегритетот на носителите на функции и раководните лица и
- зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и создавање услови за негово активно вклучување во креирањето на политики за добро владеење.

**VI. „подигнување на квалитетот на образованието достапно за сите“**
- развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти;
- образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот;

Стратегијате се однесува на остварување и на следните цели од првиот, вториот и седмиот приоритет, односно

**I. „обезбедување забрзан, одржлив и инклузивен економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните“**
- модернизација и хармонизација на здравството во насока на управувањето и отчетноста на здравствениот систем, а со цел континуирано унапредување на квалитетот и безбедноста на здравството (што се покажа како неопходно при пандемијата на КОВИД-19 и останува приоритет заради постоечките антивакцинални и антинаучни кампањи засновани на дезинформации);
- обезбедување на единствен внатрешен пазар за подобар животен стандард на граѓаните преку поголема заштита на потрошувачите и слободно движење на стоки и услуги (особено преку обезбедување заштита од дезинформациите во форма на онлајн измами);

- поддршка на економијата преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите;
- создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- унапредување на концептот на родова еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење, превенција и заштита од сите форми на насилство и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетите (против кои моментално се водат дезинформациски кампањи преку увезени „културни војни" кои се поклопуваат со геополитичките цели на странски фактори - антидемократски режими);
- создавање граѓански амбиент на непречена и стимулативна творечка и креативна културна комуникација, со акцент на дистрибуцијата и рецепцијата на културните и уметничките вредности;
- зајакнување на билатералната, прекуграничната и регионалната соработка, вклучително и преку поддршка на иновативни облици на меѓународна соработка (нови комуникациски технологии, заеднички проекти и истражувања) како предуслов за поширока европска соработка во рамките на европските програми, иницијативи и проекти (особено заради прекуграничната природа на текот на дезинформациите);
- продлабочување на партнерските односи со меѓународните организации и спроведување на нивните начела за размена на културните добра, циркулација и вмрежување на креативниот сектор во функција на унапредување на транснационалната културна соработка и

**III „унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување н аерозагадувањето и влијанието на климатските промени"**
- подобрување на квалитетот на медиумите во животната средина и

**VII „професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники"**
- одговорно, отчетно и транспарентно работење на институциите;

- целосна имплементација на Концептот за дигитална трансформација на општеството кој се базира на принципи на владеење на правото, социјална кохезија и јавно приватно партнерство, слободен пристап до информациите од јавен карактер, веродостојни изворници на податоци, „дигиталното е стандардно” и „само еднаш” при испорака на услуги за граѓаните и бизнисите;
- развивање на електронски систем на евиденција на воведените рестриктивни мерки на Европската Унија и нивна доследна примена;

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

Кластер „Основни вредности“ со Поглавје 23: Правосудство и фундаментални права и Поглавје 24: Правда, слобода и безбедност.
Кластер „Конкуренција и инклузивен раст“ со Поглавје 10: Информатичко општество и медиуми, Поглавје 19: Социјални политики и вработување, и Поглавје 26: Образование и култура, како и
Кластер „ Надворешни односи“ Поглавје 30: Надворешни односи и Поглавје 31: Надворешна, безбедносна и одбранбена политика

**Извештајот на Европската комисија за Северна Македонија за 2022 година** јасно посочува „Онлајн медиумите не се регулирани со конкретен закон, а постојат различни ставови за потребата од регулирање, особено во поглед на растечките закани од дезинформации. Онлајн медиумите и платформите на социјалните медиуми се главниот извор на дезинформации, погрешни информации, говор на омраза, прекршување на професионалните стандарди и прекршување на правата на интелектуална сопственост. Потребни се кампањи за да се зајакне разбирањето на засегнатите страни и пошироката јавност и да се зголеми нивната отпорност наспроти дезинформациите.“

Креирањето на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите директно ќе се надоврзе и на позитивното укажување од Извештајот „Во октомври 2021 година Владата донесе Националната стратегија и акцискиот план за градење отпорност и справување со хибридни закани (за периодот од 2021-2025

година). Овие документи вклучуваат широк опсег на активности за справување со предизвиците поврзани со дезинформации и хибридни закани.“

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Креирањето и спроведувањето на Национална стратегија за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите е од суштинско значење во време кога целиот демократски свет се соочува со опасноста за нарушување на функционирање на демократскиот систем заради штетното влијание на дезинформациските кампањи и други форми на манипулации, особено оние кои целат да ги продлабочат поделбите во општеството и недовербата во институциите со цел да го успорат и спречат процесот на интеграција  во Европската Унија и другите стратешки интереси на Република Северна Македонија, да се обструиа владеењето на правото во полза на коруптивни структури, при што се нарушуваат основните човекови права.

Напливот од дезинформации не е само проблем на медиумите и професионалното новинарство, туку е поширок безбедносен проблем и токму затоа Владата и другите надлежни институции треба да го водат процесот на соочување со него, притоа обликувањето на решенијата мора да биде врз основа на демократските принципи и човековите права, кои проактивно ги артикулираат граѓанските и медиумските организации.

Во април 2023 г. Владата на Република Северна Македонија ги прифати Препораките произлезени од иницијативата на граѓанските организации (во прилог) според кои институциите, во партнерство со медиумите и граѓанските организации, треба да креираат јавни политики, стратегии и механизми за зголемување на отпорноста кон дезинформации и за развивање на медиумската писменост, имајќи предвид дека ова безбедносно прашање ги надминува рамките на медиумската сфера и мора да опфаќа содејство со сите надлежни државни институции преку инклузивен процес кој ќе овозможи учество и сопственост на сите засегнати општествени субјекти – односно

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

пристап за вклучување на целото општество (All society approach).

Земајќи ја предвид мултидисциплинарната природа на проблемот со дезинформациите, овој процес е компатибилен и комплементарен на процесот на спроведување на итните реформски приоритети во областа на медиумите, кои се неопходен дел од процесот на пристапување кон Европската Унија, како и потребата за итно усогласување на законската рамка со сите релевантни директиви и регулативи на ЕУ, особено оние што го адресираат прашањето на ширење дезинформации, содржини со кои се поттикнуваат говор на омраза, тероризам и други облици на криминал. Инклузивноста е неопходна, бидејќи градењето отпорност на дезинформации е прашање што има повеќе димензии - од националната безбедност до унапредување на медиумските слободи, борбата против корупцијата и зајакнување на улогата на граѓанското општество како двигател на демократизацијата, и бара мултидисциплинарен пристап и проактивна дејност на државните институции во рамките на нивните надлежности.

Бидејќи дел од градењето на отпорноста е и унапредување на дигиталната писменост и особено медиумска писменост, преку оваа национална стратегија треба да се цели кон општество со развиено критичко мислење и отпорност кон лажни вести и дезинформации развиени и преку државниот образовен систем, како и преку поддршка за неформалното образование и едукација преку медиумите, за да се допре до сите сегменти на населението, вкл. и возрасните граѓани.

Надлежни органи за оваа стратегија треба да бидат Кабинетот на премиерот односно Генералниот секретаријат на Владата, во соработка со Министерството за одбрана, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерството за правда, Секретаријатот за европски прашања, Министерство за образование и наука, Министеррството за здравство.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

Очекуваните влијанија на долг рок се:

- Зголемена општествена кохезија преку системски пристап за градење култура на критичко мислење и општествен дијалог на сите нивоа, со цел остварување на демократски развој и надминување на високата поларизација и фрагментацијата во општеството градење консензус за заедничка визија и мерки за остварување на стратешките цели, меѓу кои примарна е интеграцијата во ЕУ.
- Усогласеност на правниот систем на РСМ со постојната и новововедената Европска легислатива и регулативаа, а во случајов со дигиталната писменост, со процесот на надградба на медиумските закони (што е во тек преку проектот EU for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with EU Acquis and Media Standards) и усогласувањето со Закон за дигитални услуги (Digital Services Act) и Законот за дигитален пазар (Digital Markets Act) кои стапија на сила во 2023 г, како и усогласувањето со идната Директива на ЕУ за слобода на изразување која е во фаза на усвојување.
- Зголемена транспарентност и соработка на државните инсититуции со засегнатите страни од сите други општествени сектори – граѓанските организации, медиумите, приватниот сектор, академската сфера.
- Зголемување на квалитетот и влијанието на професионалното новинарство како столб на демократијата.
- Способни и информирани граѓани кои умешно и совесно учествуваат во демократските процеси, при тоа придонесувајќи кон нивна поголема активност и поголем придонес кон креирање на политики и учество во јавната сфера како и разни јавни процеси преку електронски пат, обезбедени од државата;
- Поквалитетен образовен систем кој одговара на потребите на пазарот на трудот и испорачува кадар способен за логично и критично размислување базирано на факти;
- Оспособена јавна администрација за спроведување на поефикасен и побезбеден систем за испорака на јавни

е-услуги и други дигитални алатки овозможени од страна на јавните институции.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

Предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации. Потребните средства не се обезбедени.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

- Препораки за заедничка акција за градење општествена отпорност кон штетните влијанија на дезинформациите (2023)

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

Nënshkrimi i përfaqësuesit

15.09. 2023 година ------------------------------------ 2023 ------------------------------

М.П. V.V